Зоран ЃЕОРЃИЕВ

# ПРАИСТОРИСКИ НАОДИ ОД КОЧАНИ И ПРАШАЊЕ НА РАМНИТЕ НЕКРОПОЛИ ПО БРЕГАЛНИЦА

Кочани и неговата потесна околина претставуваат археолошки малку истражувано подрачје. Севкупната археолошка дејност на овој простор се сведува всушност на теренски рекогносцирања, изведени во два наврати[1] и две поодамнешни заштитни ископувања кај селото Оризари[2]. Самото градско подрачје останало неиспитано и со прилично нејасно далечно минато. Меѓутоа, тука постојат неколку локалитети — праисториски, антички и средновековни — од кои потекнуваат повеќе единечни или групни случајни наоди на движен археолошки материјал[3]. Бројот на последните од ден на ден сè повеќе се зголемува, како резултат и сигурен знак на перманентната загрозеност на тие локалитети.

Меѓу ваквите наоди, откриени во текот на изминатата деценија, по бројна состојба и по значење посебно место заземаат група гробни прилози од железното време, коишто денес се наоѓаат кај Тодор Симов, директор на градската Народна библиотека. Тие за пошироката стручна јавност останале непознати. Покрај едно пранешно попатно споменување и сумарно датирање од моја страна[4], наодите се регистрирани при последното рекогносцирање на теренот, но присутните форми се забележани само одвај делумно[5]. Со цел да биде извлечен од аноним носта, на ова место го презентирам материјалот во онаа бројна состој-

---

[1] М. Гарашанин — Д. Гарашанин, Археолошке белешке са реконгосцирања у Источној Македонији, Гласник на штипскиот Народен музеј, кн. I, Штип 1959, 80, 83, 89, 93; — А. Керамитчиев, Археолошки наоѓалишта во Кочанско, Стремеж 5, Прилеп 1964, 83 и нат.; Истиот, Археолошка карта на Собранието на Општина Кочани, Скопје 1978 (интерна документација на Археолошкиот музеј на Македонија. Натаму во текстот Археолошка карта).

[2] Б. Алексова, Археолошки ископувања во с. Озирази—Кочанско, Гласник на штипскиот Народен музеј, кн. III, Штип 1964, 93 и нат.; — В. Санев, Могилите од Куново—Чуки кај с. Оризари — Кочанско, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија, кн. VIII—IX, Скопје 1978, 7 и нат.

[3] Н. Вулић, Споменик САН, КЊ. XXVII, 1935, бр. 71—73; — М. Гарашанин—Д. Гарашанин, op. cit., 48, 83; — З. Георгиев, Една словенска некропола од Кочани, Историја, кн. XXII/1—2, Скопје 1976, 228 и нат.

[4] З. Георгиев, op. cit., заб. 25.

[5] Археолошка карта..., 32.

ба во која го евидентирав 1974 год., при што воедно ги одбележувам условите на неговото откривање, потпирајќи се врз искажувањата на неколку очевидци.

Наодите се откриени 1972 год., кога работниците на градското претпријатие за водовод поставувале водоводна мрежа во месноста Текешинско Лозје, во југозападната периферија на градот. Тогаш биле откопани три гроба, од кои два биле веднаш растурени, а прилозите од нив разнесени од работниците или делумно уништени на самото место. Благодарејќи на итната интервенција на Т. Симов, третиот гроб бил повнимателно испразнет, така што неговата содржина е сочувана во целост. Т. Симов успеал да собере и поголем дел од разнесените предмети, како и предмети што потекнуваат од еден гроб кој бил откопан на ова место година-две порано, при изградба на една куќа.

Собраниот материјал се состои од следното:

1. Керамичен сад со полутопчеста форма, рамно дно и две мали наспрамно поставени хоризонтални рачки под работ. Моделиран е со слободна рака, од кварцитна земја, порозен, со темно-црвена до кафеава боја на печењето;

2. Лачна еднојазелна фибула од бронза, со четвртеста плочеста нога, горе конкавно изрежана и со копче на врвот;

3. Две спирални белегзии од тенок бронзен лим, со по четири разделени навивки;

4. Бронзена двојна игла со триаголна глава;

5. Биконичен амулет од бронза;

6. Бронзена фибула од ист тип како претходната;

7. Голема бронзена игла со квадратен пресек, свиена кон врвот и со оштетена глава;

8. Фрагментиран железен нож со лачно свиен лист;

9. Чифт соединети бронзени алки со кружен пресек. Од надворешната страна имаат по четири топчести издатоци, крстесто распоредени;

10. Железна двојна секира со нагласено обликуван усадник за рачка и железен клин за фиксирање на истата;

11. Три лаци од бронзени фибули од ист тип како претходните, но со помали димензии[6].

Локалитетот „Текешинско Лозје" претставува издолжен невисок рид, кој се издига лево од асфалтниот пат и железничката линија при влезот во Кочани (Сл. 3) Согласно со урбанистичкиот план на градот, овој простор во текот на последнава деценија израсна во нова населба, којашто најнапред ја зафатила источната половина од ридот, заедно со неговата J/И падина каде се откриени споменатите гробови Тука интензивната индивидуална градежна дејност оставила зад себе и други уништени гробни конструкции, денес опфатени во неколку

[6] Предметите со бр. 1—5 претставуваат инвентар од третооткопаниот гроб. Со бр. 11 се означени наодите од порано откопаниот гроб.

дворни места, но за нивната содржина нема никакви податоци[7]. Гробовите што се откопани во 1972 год. биле од типот камени кофчези-цисти, градени од големи приделкани плочи и претежно со големи димензии. Според сеќавањето на сите очевидци, особено маркантен бил првооткопаниот гроб, како заради необично големата конструкција, (наводно сса 2,50 x 1,10 м), така и заради посолидно оформената комора од четири добро делкани и убаво составени странични плочи и монолитен капак. Неговата содржина страдала најнапред, па денес на прв поглед се чини неможно со сигурност да му се припише дел од подоцна собраните наоди, меѓутоа, извесната временска подвоеност на материјалот, за што ќе стане збор подолу, како и постојните податоци за припадноста на некои предмети кон одделни гробови, допуштаат прилично точно распределување на прилозите во четири гробни групи.

Со оглед на уништеноста на локалитетот, просторните рамки на овдешната некропола не би можеле да се утврдат. И бројот на спомenатите гробови е минимален, но собраните наоди се сосем доволни за одредување на временските граници на некрополата, а и повеќе од тоа; неколку карактеристични форми, во контекст со аналогните појави во сливот на Брегалница, допуштаат заклучоци и од пошироко значење. Ќе се задржам само врз нив.

*Хронологија на фибули*

Најмаркантна и најзначајна од присутните форми е фибулата со плочеста нога (Сл. 1, 2, 6, 11). Таа тука е застапена со пет примероци, најдени во три гроба. Оваа бројна состојба го исфрлува лок. Текешинско Лозје како наоѓалиште кое дало најмногу фибули од овој тип во СР Македонија, а и пошироко. Од територијата на нашата република во стручната литература досега се опфатени само единечните наоди од Радање кај Штип[8], од Марвинци кај Валандово[9] и од титовелешки Сопот[10]. Меѓутоа, во последно време наодите на вакви фибули зачестија, така што, вклучувајќи ги примерите од Кочани, ја достигнаа бројката 14. Покрај познатиот пример од Марвинци, Долното Повардарје даде уште пет претставници: три од близината на Марвинци[11] и два од

[7] Северно од оваа група гробови, на западниот раб од споменатиот рид, во 1974 год. сè уште можеа да се забележат и три могили со помали димензии. Врз едната, делумно раскопана при орање, лежеа фрагменти од керамичен сад со типично халштатски особености. Денес тука се простира импровизиран авто-полигон. За судбината на инвентарот од наполно уништените могили не се дознава ништо.

[8] Ив. Венедиковъ, Разкопки и проучвания I, София 1948, 88; — K. Kilian, Trachtzuëehör der Eisenzeit zwischen Agais und Adria, Praehistoriache Zeitschrift 50, 1975, T. 48, 12.

[9] V. Pingel, Eisenzeitliche Gräber vod Dedeli und Mravinca in Jugoslavisch Makedonien, Marburger Winckelmanns Programs 1980, Abb. 2, 11; — K. Kilian, op. cit., T. 41, 1a; — Р. Васић, Нови елементи за проучавање гвозденог доба Вардарске долине, Старинар, НС XXVII/1976, Београд 1977, 8 и нат., Сл. 2 и 4. (656).

[10] Ibid., заб. 24. Авторот по грешка го врзува наодот за соседното село Отовица.

[11] Овие потекнуваат од два случајно откопани гроба (1980) на десниот брег на Вардар, нешто повеќе од 1 км јужно од мостот кај с. Марвинци, на просторот помеѓу речното корито и автопатот. Депонирано во Археолошкиот музеј на Македонија, необјавено.

некрополата во месноста Глос кај с. Грчиште, што се наоѓа 6 км појужно[12]. Последниот пример потекнува од Виница, а најден е во гробиста идентична со конструкциите од Текешинско Лозје[13]. Со тоа, овој тип не само што излезе од редот на ретките наоди, туку заседе едно од водечките места по бројност меѓу лачните фибули од железо време од нашите наоѓалишта.

Обликот води потекло од Тесалија, но се врзува за бронзената продукција на Халкидик од каде преку Македонија продира во внатрешноста на Балканот, до Сава и Дунав. Примерите од Халкидик (Трилофон—Месимери, Потидеја, Олинт), потоа од Долното Повардарје (Тефик без кај Сер, Чаушица и споменатите наши наоѓалишта), понатаму, од западна Србија (Пилатовиќи, Вране кај Ариље) и С/З Бугарија (Бели Извор, Алтимир, Криводол — Врачанско)[14], јасно ја одбележуваат трасата на нивното ширење и нивната типолошка еволуција на тој пат. Тоа се двете моќни балкански комуникации — долините на Вардар и Струма, преку кои овие фибули стигнале до Босна (Доња Долина) и Романија (Груја, Гогошу)[15]. Бројот на примерите од СР Македонија, евидентно поголем во споредба со другите делови од Балканот — а со оглед на недоволната истраженост на нашите наоѓалишта секако не и дефинитивен — налага посебно да се апострофира дека овие фибули всушност се рашириле преку јадрото на некогашната пајонска територија. Тие тука очигледно биле омилен вид на накит во определен временски период, иако можеби не се задржале во долга употреба. Според типолошката класификација на Р. Васиќ, кој во поново време особено се задржал врз оваа форма, сите наши примери припаѓаат на првата-најрана варијанта, која се одликува со цврста конструкција, потенцирана со фланкирање на лакот во преодот кон главата и неукрасената нога. Оваа варијанта досега не се појавила западно од Вардар, а, колку што ми е познато, ни источно од долината на Струма, што претставува конкретна потврда за нејзината распространетост меѓу Пајоните. Изземајќи ги примерите од Пилатовиќи, Бели Извор и Алтимир како аналогни на претставниците од Македонија, северно од течението на Пчиња изворната варијанта повеќе не се среќава или во секој случај би била ретка; фибулите од Доња Долина и од Романија, како и од Криводол во Бугарија, веќе претставуваат помлади олеснети форми, изведени од првата варијанта. Отсуството пак на помлади претставници од овој тип на нашите наоѓалишта, во време кога тие во длабочината на илирскиот Балкан продолжуваат да живеат и натаму да еволуираат попримајќи локални карактеристики, претставува елемент кој го илустрира помодниот бран со кој нашите фибули минале преку Македонија без да фатат по-

[12] Дел од поголема група случајни наоди, депонирани во Археолошкиот музеј. Необјавено.

[13] Во дворот на основното училиште „Славчо Стојменски" во Виница диво се откопани два гроба. Најдената фибула од која е сочуван само лакот, ја евидентирав, кај Ристо Попов од Виница во 1980 год.

[14] За распространетоста на обликот и неговите варијанти в. Р. Васић, op. cit. 8—11, прилог 1 и наведената литература.

[15] Ibid.

длабоки корени. Ова секако се должи на географското посредство и отвореноста на ова тло кон поразвиениот југ, односно, во поширока смисла, кон источниот Медитеран, од каде кон крајот на железното време, а особено во текот на архајскиот период, силните и забрзани културни импулси постојано донесуваат нови, поразвиени форми, потиснувајќи ги старите сè побрзо[16].

*Хронологија на игли*

Вториот значаен предмет меѓу материјалот од Кочани — двојната игла со триаголна глава (Сл. 1.4), тесно е врзан со претходната форма и има слична територијална распространетост. Таа се среќава претежно на широкото македонско подрачје (Козани, Пателі, Трилофон—Месимери, Амфиполис; кај нас во Радање, Марвинци и Горенци — Охрид; во Кадин мост кај Ќустендил) — што и дава основа на претпоставката за нејзиното македонско потекло — но застапена е и во внатрешноста на Балканот: на Косово и во З. Србија (Карагач, Вране кај Ариље), во Босна (Доња Долина), во Романија (Гогошу)[17]. Оваа распространетост забележливо се совпаѓа со патиштата по кои се рашириле разгледуваните фибули. Дури, обете форми мошне често се наоѓани на исти локалитети, иако не заедно (Трилофон-Месимери, Марвинци, Радање, Вране кај Ариље, Д. Долина, Гогошу), така што тоа упатуваше на нивната едновремена употреба. Наодот на обете форми во третооткопаниот гроб од Текешинско Лозје е првата конкретна потврда во таа смисла.

Хронолошкото вреднување на овие две форми има апроксимати вен карактер. Повеќето од набоените претставници, а особено оние од нашите наоѓалишта, всушност се случајни откритија без сигурно утврден придружен материјал, така што нивната почетна и крајна употреба не е поблиску определена. За раните претставници на фибулите како помошни хронолошки репери служи, од една страна, појавата на нешто помладите примери во Доња Долина во првата половина или средината од VI век,[18] а од друга страна нивното отсуство меѓу материјалот од требенишкиот хоризонт. К. Килиан, кој обработувајќи ги фибулите од Тесалија го издвојува овој тип во посебна балканска група („Мравинца — Гогушу"), смета дека тој му припаѓа на првата половина од VI век, додека Р. Васиќ, предлагајќи исто датирање, допушта мож-

[16] Помладите варијанти од Пелагонија (I. Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, DISS III, Beograd—Skopje 1966, T. XVIII') и соседното илиро-дасаретско подрачје околу Охридското Езеро (В. Лахтов — Ј. Кастелиц, Нови истражувања на некрополата „Требениште" 1953—1954, Лихнид I, Охрид 1957, T. IX, 3—8; T. XVII, 5; T. XX, 1—2; — N. Ceka, La ville illyrienne de la Basse—Selce, Iliria II, Tirana 1972, 173, Pl. VIII, 3) ја задржуваат само општата конструктивна схема. Иако е очигледна нивната генетска врска со постарите примери, континуираниот развој на наше тло не може да се следи, дотолку повеќе што едните се среќаваат само во источна, а другите само во западна Македонија.

[17] За наодите на овој тип двојни игли в. Р. Васић, op. cit., 12, прилог 2в и наведената литература.

[18] Ibid., 10.

ност некои од македонските примери да се врзуваат и за крајот на VII век[19]. Посебно важна и, се чини, единствена сигурна потпорна точка во хронолошки поглед претставуваат аналогиите од Бели Извор и Алтимир во Бугарија, каде тие одат заедно со фибули со нога во вид на беотски штит[20]. Можеби како одраз на извесна временска разлика, претставниците од СР Македонија покажуваат разлики во димензиите, според кои може да се поделат во три категории. Најголеми димензии имаат трите примери од близината на Марвинци и доколку оваа нивна особеност е условена од хронолошки момент појавата на овој тип фибули во Долното Повардарје можеби би паднала во крајот на VII век. Сепак, не треба да се превиди елементарната карактеристика на сите наши претставници независно од димензиите и регионот од кој потекнуваат, а тоа е евидентниот стремеж кон олеснување на формата, што е одразено во релативно тенкиот лак и неговото фланкирање кај скоро сите примери со правоаголници со сегментен пресек, наместо со копчести зајакнувања. Вакви тенденции како одраз на нов, „нехалштатски" вкус ги карактеризираат и останатите форми на накит од VI век во Македонија[21], а се згележуваат и во најмлите димензии на фибулите од Текешинско Лозје (Сл. 1, 11) и Виница — секако најдоцните претставници на изворниот облик.

Што се однесува до двојните игли со триаголна глава, нивната почетна хронологија исто така е претпоставена врз основа на подоцнежни северни наоди. Иглата од Кадин Мост кај Ќустендил е проследена со фибула со нога во вид на беотски штит[22], што на посреден начин ја потврдува употребата на овој тип игли во З. Бугарија во првата половина од VI век, односно нивното напоредно егзистирање со разгледудуваните фибули. И двете двојни игли од Доња Долина, од исто време, ја навестуваат појавата на обликот во Македонија најдоцна во почетокот на VI век[23]. Долната временска граница не е фиксирана; наодот од Карагач, датиран во последната четвртина од истиот век[24], како и примерите од Козани, сведочат само за нивниот долг живот[25].

Покрај овие два карактеристични прилога од гробовите на лок. Текешинско Лозје, со кои е обележана интензивната употреба на некрополата во првата половина од VI век, меѓу наодите се присутни и два предмета кои типолошки и временски се издвојуваат од останатите форми и ја означуваат натамошната егзистенција на некрополната во текот на истиот век, допирајќи го неговиот крај или, можеби, дури и почетокот на следниот век. Тоа се двете соединети бронзени алки и железната двојна секира (Сл. 1. 9—10). Првите се појавуваат на подрач-

[19] K. Kilian, Fibeln in Thessalien von der mykenischen bis zur archaischen Zeit, Prähistorische Bronzefunde XIV—2, München 1975, 73—75; — Р. Васић, op. cit., 10.

[20] Б. Николов, Тракиски наметници във Крачанско, Известия на БАИ, кн. XXVIII, София 1965, 165, 172, Сл. 2, 13.

[21] I. Mikulčić, Pelagonija, 33.

[22] Ив. Венедиков, Находки од ранножелязната епоха, Известия на Варненското археологическо дружество, кн. XIV, София 1963, Сл. 1, 3.

[23] Р. Васић, op. cit., 12.

[24] D. Srejović, Karagač and the problem of the ethnogenesis of the Dardanians, Balcanica IV, Beograd 1973, 60, T. VIII, 2.

јето на Албанија, Македонија, Грција и јужна Тракија изгледа најрано околу средината на VI век[26], но најголемиот број познати примери се врзуваат за доцноархајскиот период, кога од надворешната страна добиваат и повеќе издатоци, често со пораскошен облик. И единствените досега откриени претставници кај нас потекнуваат од доцноархајските гробови од Требениште[27].

Практичната примена на ваквите алки не е позната. Нивната функција Ј. Бузек ја доведува во врска со ремени од коњска опрема[28], меѓутоа местоположбата на примерите од Требениште и од гробот 11 од Аедонохорион кај Кавала, во централниот гробен простор — близу карличниот појас на покојниците[29], оди повеќе во прилог на мислењето на В. Лахтов, според кое овие предмети служеле при носење на оружје[30]. Макар што положбата од примерот од Текешинско Лозје не е забележана, во корист на тоа мислење тежи двојната секира од овој локалитет, бидејќи таа, без сомневање, потекнува од истиот гроб во кој лежеле алките. Нејзини аналогии наоѓаме во доцноархајските претставници од с. Речица и Велмеј — Струга[31], а и на Гласинац се јавуваат во исто време[32]. За разлика од нив, како и од недатираниот наод од Доња Лепеница[33], секирата од Кочани се одликува со нагласено обликуван цилиндричен усадник за рачна, што би можело да оддава припадност дури и на првите децении од V век; по овој елемент таа е поблиска до еден пример од Албанија, датиран во фазата III за тамошното железно време (VI—V в.) според хронолошката категоризација на Ф. Пренди[34].

Карактерот на овие два предмета го откриваат општествено-социјалниот ранг на покојникот кому тие му припаѓале: очигледно тој бил аристократ-воин и изгледа за него треба да се врзе првооткопаниот гроб, кој и по големината и по солидно изградената конструкција се издвојувал од останатите.

*Хронологија на рамни гробови*

Покрај тоа што претставуваат прва и засега единствена трага од живот во железното време и архајскиот период на просторот на

[25] За проблемот на датирањето на иглите од Козани в. Р. Васић, op. cit., 12.

[26] Во ова време е датиран наодот од гробот 11 од Аедонохорион кај Кавала (K. Kilian, Trachtzubehör..., 102, T. 7 и 101.

[27] Н. Вулић, Један нов гроб код Требеништа, Гласник СНД, кн. XI, Скопље 1932, Сл. 49. За подрачјето на Албанија в. H. Spahu, Gjete të vjetra nga vareza mes jetare e Kalasë së Dalmaces, Iliria I, Tirana 1971, 251, T. VII, 2—3; — S. Anamali, Amantie, Iliria II, 1972, Pl. XIX, 3.

[28] J. Bouzek, Gpaeco-Macedonian bronzes, Acta universatatis Carolinae, mon. XLIX — 1973, Praha 1974, 159—160.

[29] Н. Влиħ, op. cit., Сл. 3; — K. Kilian, op. cit., T. 7.

[30] В. Лахтов, Проблем требенишке културе, Охрид 1965, 82.

[31] V. Lahtog, Ilirskiot borečki grob od seloto Rečica, Situla 8, Ljubljana 1965, 59, 67, T. II, 5.

[32] A. Benac — B. Čović, Glasinac II, Sarajevo 1957, T. XXXI, 11—12.

[33] Ž. Andrejić, Arheološko rekognosciranje Donje Lepenice, Arheološki Pregled, vol. 20, Beograd 1978, T. XCIX.

[34] Fr. Prendi, Un apercu sur la civilisation de premiere periode du fer un Albanie, Iliria III, Ttrana 1975, Pl. III, 1.

Кочани, основаната вредност на наодите од лок. Текешинско Лозје лежи во тоа што тие сочинуваат најголема позната група прилози од гробови-цисти во сливот на Брегалница и, воопшто, цела Источна Македонија, со исклучок на нејзиниот најјужен дел. Брегалничкиот регион е познат по вонредната концентрација на железнодобни некрополи со погребувања под могили. Тие на теренот лесно се забележуваат, заради што со рекогносцирањата се регистрирани пред сè такви некрополи. Истражуваните могили од Орлова Чука, Радање и Горно Поле во околината на Штип и Куново-Чуки кај кочанско Оризари[35] даде доволно елементи за да бидат и без ископувања могилните конструкции типолошки, па и грубо хронолошки, однапред класифицирани. Меѓутоа присуството на рамни некрополи со гробови од камени плочи останало до денес одвај забележано, а нивната временска припадност речиси неизвесна[36]. Споменувајќи една случајно откопана циста од Горно Поле, како и два такви гроба од Марков Камен кај штипско Ново Село, И. Микулчиќ го одбележал хронолошкото посредување на овие конструкции помеѓу погребувањето под могили и зиданите доцноархајски гробови со кремирани покојници од Горно Поле[37]. Со тоа е дадена општата рамка на застапени гробни типови на овој простор од VII до раниот V век пр.н.е., но, во недостаток на други наоди, тоа е воедно и последен осврт врз присуството на рамни некрополи од ова време. Назначувам дека и констатираното посредничко место на цистите се темелни врз гробови кои врменски ја обележуваат последната употреба на ваквите конструкции. Оттаму, материјалот од Текенишко Лозје во контекст со ретките регистрирани аналогни појави во именуваниот регион, значи прва можност појасно да се согледа и со доволно археолошки потврди попрецизно да се определи времето на нивната егзистенција. Веќе видовме дека дел од наодите го врзува погребувањето во цисти на некрополата Текешинско Лозје за раниот VI век, или, можеби, друи и за неговиот почеток. Масовната застапеност на рамните некрополи во пошироката околина, во првата половина од истиот век, обележана е и со наодот на споменатата фибула од дворот на основното училиште во Виница. Од друга страна, аналогните наоди од могилите во Радање, како и бројната сива архајска керамика од овој локалитет, покрај тоа што на посреден начин ја индицираат појавата на цистите во раниот VI век, сведочат и за присуство на длабоко вкоренети конзервативни сфаќања, што се манифестирале со натамошно погребување под могили,

---

[35] М. Гарашанин — Д. Гарашанин, Археолошка ископавања у селу Радању на локалитету „Криви Дол", Зборник на штипскиот Народен музеј, кн. I, Штип 1959, 9 и нат.; — И. Микулчиќ, Извештај са пробног ископавања халштатске некрополе код села Ст. Караорман, Зборник на ШНМ I, 95 и нат.; Истиот, Могили од „Орлова Чука" кај село Караорман, Зборник на ШНМ II, Штип 1961, 47 и нат.: — В. Санев, op. cit. 8—9.

[36] На пример, М. и Д. Гарашанин (Археолошке белешке са рекогносцирања у Источној Македонији, Зборник на ШНМ I, 90) наведуваат повеќе рамни некрополи околу Берово, Делчево, Виница и Кочани под општо заглавие „Стара гробља" Денес е јасно дека добар дел од нив особено оние од Виничко, потекнуваат од железното време.

[37] И. Микулчиќ, Илирско-архајски гробови из околине Штипа, Старинар н. с. кн. XIII—XIV, Београд 1963, 205.

напоредно со почетнот живот на рамните некрополи. Отпорот на стариот сепулкрален облик кон новите тенденции источно од Вардар потврден и е со наодот на фибулата од Сопот во конструкција идентична со могилите од Радање и Горно Поле[38].

Иако скромно по обем и можности, неодамнешното археолошко истражување во околината на Виница даде значајни дополнителни појаснувања во овој поглед. Имено, на лок. Кшлански Гумења, С/И од Виница (Сл. 2, 5) најдобро се следи преовладувањето на новиот гробен облик. Тука јасно се издвојуваат два хоризонта на погребување. Постариот го чинат гробови под могили, со движен материјал кој има директни аналогии во Куново-Чуки кај с. Оризари — Кочани и во Радање[39]. Помладиот хоризонт на погребување се состои од цисти, положени околу и делумно врз веќе израмнетите могили и нудат сива архајска керамика[40]. Нивното време го определуваат, од една страна, споменатата фибула од идентичните гробови во Виница, а од друга — фибула од малоазиски тип, најдена во една од цистите на самиот локалитет. Последната, по моделацијата на лакот, сосема се доближува до фибулата од гробовите во Марков Камен-штинско Ново село, од раниот V век[41].

Да се вратиме на лок. Текешинско Лозје и на најмлдите тукашни форми-удвоените алки и железната секира, односно на гробната конструкција од која поткнуваат. Тие доаѓаат на последно место меѓу сите познати прилози од гробови-цисти и временски највеќе се доближуваат до материјалот од ѕиданите кнежевски конструкции во Горно Поле, а можеби и се совпаѓаат со нивната хронологија. За жал, недостасуваат други карактеристични елемнти кои би го поткрепиле последното. Во спротивно би ја имале и последната алка од логичниот редослед на настаните во кусиот доцноархајски период, кога кремацијата во брегалничкиот басен најнапред е прифатена само од определен социјално издвоен општествен слој — локалната аристократија, додека основниот гробен тип и натаму го чинат скелетните цисти, за да бидат наскоро и тие напуштени.

---

[38] Според љубезното соопштување на С. Саржоски и Ѓ. Петачки. Интересно е шко малку пожујно, титовевешко Оризаре познава цисти со инвентар идентичен со некои форми од Радање што досега се сметаа за постари (Б. Алексова, Археолошки наоѓалишта во горниот тек на реката Тополка, Гласник МКД I, 1954, Сл. 13—17.) Загадочна е и појавата на цисти во склоп на родовските могили од Орлова Чука (И Микулчиќ, Зборник ШНМ II, 49 —50, Пл. 3;— Р. Пашић — Винчић, Археолошка испитивања на локалитету „Орлова Чука" код села Стар Караорман, Старинар нс., кн. XXI, Београд 1970, 131, Сл. 1). Тие сè уште го следат зависниот однос кон централниот гроб, што би зборувало за соодветна старост, но ниту една не дала прилози со кои поблизу би се определило нивното време.

[39] Сп. Куново: Праисторија во Македонија (каталог), Скопје 1976, бр. 596—598 Радање: М. Гарашанин — Д. Гарашанин, Зборник ШНМ I, бр. 4—7, 12—14, 16, 41а, 57—58; — Праисторија во Македонија, бр. 565—566, 570, 576—577, 579, 583.

[40] Овие гробови биле одамна и во повеќе наврати прекопувани од месното население, така што од некогашните прилози задржале само фрагменти од искршена грнчарија.

[41] И. Микулчиќ, Старинар XIII—XIV, Сл. 15е.

* * *

*Истовремени и други локалитети во Кочани*

Од историографски аспект, едно од основните прашања што се поставуваат во врска со некрополата од Текешинско Лозје се однесува на местоположбата на матичната населба. Ова дотолку повеќе што до денес на просторот на Кочани не е забележан ниту еден наод, освен разгледуваниот, кој би укажувал на живот во предримско време. Вистина, скромната библиотрафија за градот наведува стратиграфски слоеви со дебелина од 2 и повеќе метри, во чии основи лежат и праисториски културни осатоци[42], но тоа ниту подлежи на некаква техничка документација, ниту пак е доволно за донесување пошироки заклучоци. Дури и за населбата од периодот на Доцната Антика не може да се каже ништо повеќе, освен дека несомнено постоела.

При последното рекогносцирање во Кочанско, А. Керамитчиев го евидентирал лок. Шилест Рид како халштатска населба и со него ја поврзал некрополата од Текешинско Лзозје[43]. Ова е сосем произволно мислење. Шилест Рид се наоѓа С/З од Кочани и е толку многу оддалечен што, доколку на него навистина се простирала праисториска населба, би било пологично во негова близина да се побара друга некропола. Околу Текешинско Лозје постојат неколку други, поблиски пункта погодни за населбински жвот, макар што на нив не се забележуваат траги од железното време или пак тие се сосем скромни. Така, Западно од Текешинско Лозје, неколкуте тераси од ридот Алењак, кои со својата доминантна положба над полето донекаде допуштаа можност за егзистенција на населба, не оддаваат траги од живот. Северно од Текешинко Лозје, над западното крило на градот, се издига високиот рид Локобија, чијашто погодна стратешка позиција изгледа никогаш не била трајно користена. Во Ј/И периферија на градот, околу 1 км источно од некрополата, се протега малата височинка Горица (Сл. 1. 3), којашто досега не е забележана во археолошката карта иако, можеби, највеќе го заслужува тоа. Издвоена од околниот ридест терен и истурена кон полето, таа погодувала при изборот на локација за населба, за што сведочат бројни површински остатоци од живот во неолитско и хеленистичко време, но карактеристични железнодобни елементи и тука отсуствуваат. С/И од некрополата, на оддалечност од околу 1,5 км, се наоѓа месноста Касарни, којашто доминира над левиот брег на Кочанска Река и источото крило на градот, а е позната по доцноантички наоди (С. 3. 6). Обемните градежни зафати на овој простор открија постоење и на постар културен слој: во профилот до куќата на Фердо Цеков, во подножјето на Касарни, се наоѓаат фрагменти од груба праисториска грнчарија, меѓу кои и делови од чинии со вовлечен раб

[42] М. Гарашанин — Д. Гарашанин, Археолошке белешке, 83—84; — Мон. Кочани, Скопје 1970, 27; — К. Балабанов, Кочани — стар антички град?, Нова Македонија, 29 XI 1980.

[43] Археолошка карта, 33.

и фасетирани рамена-карактеристична и честа форма на наоѓалиштата од железно време во сливот на Брегалница и северно од него[44]. Макар што ова претставува значаен пов нодаток, прашањето за местоположбата на бараната населба не е решено, а проблемот на населеноста во кругот на Кочани во назначеното време се усложнува, бидејќи оддалеченоста помеѓу Касарни и Текешинско Лозе сепак е прилично голема. Познато е дека во доцната фаза на желзното време и во архајскиот период населбите се близу до речните корита и обработливите полски површни и дека некрополите се наоѓаат сосем близу до матичните населби[45]. Во брегалничкиот басен тоа е најдобро потврдено во Горно Поле — Караорман, каде некрополата се доближува на 200 метри до населбата[46]. Сето тоа ме наведува да претпоставам друга локација на населбата од Кочани, поблиска до некрополата и воедно последна можна позиција што преостанува на овој простор, а тоа е северниот крај на ридот Текешинско Лозје (Сл. 3, 2). Истиот претставува највисока точка, со изразено зарамнета површина од која кон север и исток се спуштаат стрмни падини. Јужниот раб на платото оддава белези на вештачки насипан терен, со кој овој дел од ридот е издигнат и на тој начин отсечен од останатиот простор. За жал земјиштето одамна не се обработува па на површината не се забележува археолошки материјал, меѓутоа индиктивен е податокот што го дава А. Керамитчиев, според кој тука, по улиците од денес населенте падини, се наоѓани фрагменти од халштатска керамика[47].

Постојат и посредни индикации. Конфигурацијата на теренот е таква што оваа позиција била тешко бранлива. Најлесен пристап до неа води од јужната страна, преку некрополата, а потоа од С/З страна која е одвоена од соседнот огранок на Алењак со ниско седло, можеби вштачки пресечено. Во случај на поголема опасност најсигурна заштита можела да даде високата Локобија од непосредното северно соседство. Тоа воедно би објснувало зошто Локобија, како најбезбедна точка во кругот на Кочани, не била населена.

И диспозицијата на присутните гробни конструкции води кон ист заклучок. На оддалеченост од околу 300 м од јужниот раб на зарамнетото плато се наоѓала група гробови под могили[48], додека откопните цисти лежат уште појужно, оддалечени и издвоени од нив (Сл. 3. 3—4). Тоа се всушност две некрополи со различни гробни конструкции и со соодветна хронолошка разлика (појава што се следи исто така во Горно Поле, Кршлански Гумења и соседниот локалитет Русалиски Гробишта

[44] За овозможениот увид врз материјалот му благодарам на К. Балабанов од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

[45] I. Mikulčić, Pelagonija, 35.

[46] Истиот, Зборник ШНМ I, 95, 100.

[47] А. Керамитчиев, Археолошка карта, 32. Пред повеќе години на самото плато бил откопан еден питос, чии делови сѐ уште лежат на теренот.

[48] В. заб. 7 во овој труд.

кај с. Кршла[49]), обете врзани за иста населба и иста сепулкрална површина.

Доколку археолошките истражувања во Кочани, што се предвидуваат за блиска иднина, го опфатат Текешинско Лозје како целина, ќе се добијат повеќе податоци што ќе ја оправдаат и дополнат изнесената претпоставка.

**Zoran Georgiev**

## PREHISTORIK FINDINGS FROM KOCHANI AND CHRONOLOGY OF FLAT NECROPOLIS IN THE REGION OF THE RIVER BREGALNICA


Among the few causal archaeological findings from Kochani discovred during the past decade, a group of tomb findings of the early Iron Age deserves the greatest attention. They are situated in the People's Library in Kochani and heven't been published yet. The are discovered in 1972, at the S/W suburb of the town, when the locality „Tekeshinsko Lozje" was being urbanized and four graves with a construction of stone plates — cist type, were dug up accidentally by the workers. The tomb findings were gathered later on and only a part of them makes a tomb entirety (Fig. 1—5).

For closer determination of the time of the entombing there are four characteristic forms on this necropolis. The most remarkable is the fibula with a perpendicular plate-like leg (group VI according to Ch. Blinkenberg or „Mravinca-Gogochu" according to K. Kilian) represented by five samples. By origin from Thesalia, developed on Chalkidike, this patern spreads at the begining of the 6th century B. C. towards north, wtowards the inner parts of the Balkan Peninsula, up to the rivers Sava and Dunav, where it continues to develop receiving some local characteristics. Together with the samples from Kochani in the Socialistic Republic of Macedonia there have been discvered fourteen representatives till now (v. Sopot near Titov Veles, v. Radanje near Shtip, Vinica, v. Marvinici and v. Grchishte near Valandovo). Taking these numerous samples into consideration, as well as the analogies from Northern Greece and Western Bulgaria, a conclusion appears that this type of fibulas had strated from the nucleus of that time Paionic territory to the North; its earliest-original variant does not appear neighter east from the river Struma, nor west from the river Vardar.

The presence of the double needle with a triangle head within the larger Macedonian territory is also dated in the first half of the 6th century and has a similar spread (Northern Greece, SR Macedonia, Western Bulgaria rarer and later in Serbia, Bosnia and Romania). It should be noticed that it


[49] Z. Belededovski, — A. Krstevski Rekognosciranje na području Opštine Makedonska Vinica, Arheološki pregled, Vol. 20, Beograd 1978, 156. За оваа некропола авторите претпоставиле припадност на железното време. Од месните жители добив податок дека во раскопуваните гробови биле наоѓани железни ножови и врвови од копја.

is often met at the same localities where fibulas with plate-like leg appears, but the first actual confirmation of their simultaneous eary findipg of the two form in one of tombs in Kochani.

The bronze rings and iron double axe show a different chronology· They appear mainly on the territory of Alnania, Greece, SR Macedonia and Southern Thrace and they are characteristic for the and the 6th and te early 5th century B. C.

The material from Kochani represents the biggest known till now group of findings from prehistoric tombs-cists along tse flow of the river Bregalnica and that is its essential value. From this region- famous because of the numerous necropolis with mounds of the Iron Age-there have been known till now only a few cists and that's why the presence of flat necropolis was almost unnoticed. On the basis of quite modest findings, in the literature is marked only their chronological interference between entombing in mounds and the late-Arhaic constructions with cremated corpses. The listed forms from Kochani, in context with analogies of cists in the near -by Vinica (unpublished), the surroundings of Shtip and valley of the Vardar, as well as from the mounds in Radanje and Sopot, illustrate extremelly well the existence of flat necropolis in the region of the river Bregalnica during the whole 6th century B.C. Their appearing in the earli 6th century is somewhere followed with deeply conservative attitude and opposition which manifested with furthur entombing under mounds (Radanje, Sopot). In the surroundings of Vinica the flat necropolis literally cover the old, alredy flattened and forgotten mounds and they offer grey Archaic pottery, fibules with a plate-like leg and erly fibulas from the Asia Minor type. The last usage of this shape of tomb dates at the passing from the 6th to the 5th century B.C. (considering the late Arhaic rings and the double axe from Kochani), when in this region have already appeared the tombs with cremated corpses from the just formed local aristocracy.